РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ
РАЗВОЈНИ ЗОНИ
Бр 01-275/1
14.02.2017 год
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

# С Т А Т У Т

## на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони

( ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ )

*Скопје, февруари 2017 година*

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за технолошки индустриски развојни зони ("Службен весник на Република Македонија" 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15 и 30/16), Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индистриски развојни зони на својата шеесет и осма редовна седница оддржана на 14.02.2017 година донесува:

# СТАТУТ
# на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони
# (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (во понатамошниот текст: Дирекција) ги врши работите сврзани со основањето, развојот и следењето на зоните.

### Член 2

Дирекцијата има својство на правно лице и надлежности утврдени со Законот за технолошки индустриски развојни зони.
Дирекцијата е самостојна во своето работење.

### Член 3

Седиштето на Дирекцијата е во Скопје на Бул. Партизански Одреди бр.2 П.Фах 311.

### Член 4

Дирекцијата има печат, штембил и заштитен знак (лого).
Печатот има округла форма во која се испишани зборовите Република Македонија Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Скопје и во средината е грбот на Р.Македонија.
Штембилот има правоаголна форма во која е испишано името на Дирекцијата со дополнување на Примено, Орг.Един.; Број, Прилог; Вредност.
Логото на Дирекцијата е со правоаголна форма, со однос 1: 0,53, поделено по хоризонтала на два дела.
Горниот дел е со подлога со градеиент цмsк/ 0.100.100.0 кон цмsк/0.0.100.0, на која се наога сонце со 16 краци во боја цмsк/0.0.100.0.
Долниот дел е со подлога цмsк/0.100.100.0, на која се наога текст ДТИДЗ РЕПУБЛИЦ ОФ МАЦЕДОНИА. во боја цмsк/0.0.0.0 во фонт Микрограмма.

## 2. НАДЛЕЖНОСТИ НА ДИРЕКЦИЈАТА

### Член 5

1) Дирекцијата ги има следните надлежности:
1. Планирање и развој на зоните и обезбедување на услови за користење на просторот;
2. Врши анализа на локацијата и обезбедува услови за планирање на истата;
3. Ја обезбедува целокупната соодветна планска документација согласно со закон потребна за основање на зоната;

4. Ја обезбедува целокупната соодветна проектна техничка документација согласно со закон за изградба и функционирање на зоната;
5. Ги промовира и рекламира зоните и остварува односи со јавноста;
6. Привлекува основачи и корисници на зоната;
7. Води евиденција на дејностите во просторот на зоната;
8. Донесува решение за започнување со работа, решение за започнување со работа на проширување на капацитетот на постојното претпријатие, решение за започнување со работа во случај на диверзификација на производството на претпријатието со воспоставување на нови, дополнителни производи, решение за започнување со работа во случај на суштинска промена во целокупниот процес на производство на постојното претпријатие на корисникот на зоната;
9. Донесува решение за укинување на решението за започнување со работа решение за започнување со работа на проширување на капацитетот на постојното претпријатие, решение за започнување со работа во случај на диверзификација на производството на претпријатието со воспоставување на нови, дополнителни производи, решение за започнување со работа во случај на суштинска промена во целокупниот процес на производство на постојното претпријатие. на корисникот на зоната;
10. Донесува решение за започнување со работа на зоната, во случај кога основач на зоната не е Владата на Република Македонија;
11. Донесува акт за укинување на решението за започнување со работа на зоната, во случај кога основач на зоната не е Владата на Република Македонија;
12. Донесува тарифник за надоместоци за извршени услуги на основачот и тарифник за надоместоци за извршени услуги на корисникот, за кои Владата на Република Македонија дава согласност;
13. Остварува соработка со органите на државната управа, јавните претпријатија и трговските друштва поврзани со зоната и тоа при обезбедување на:
- согласности, одобренија, дозволи, односно сертификати утврдени со посебни закони потребни за основање, започнување со работа и работење на зоната,
- надзор над функционирањето на инфраструктурата во зоната,
- заштита на јавната безбедност и сигурност на лицата и имотот во просторот на зоната
- заштита од недозволена трговија;
14. Обезбедува средства и врши исплати по однос на спроведена постапка за експропријација, процена за насади, посеви, огради и вложувања на парцелите до и во зоната, а за потребите на зоната согласно со одредбите од Законот за експропријација и согласно со одобрена соодветна планска документација согласно со закон, проект за инфраструктура и друга соодветна проектна техничка документација согласно со закон;

15. Обезбедува потребна документација за основање на зоната и за градење на инфраструктурни и други објекти до и во зоната, согласно со закон;
16. Ја отстапува целокупната соодветна проектна - техничка документација на основачот на зоната;
17. Гради инфраструктурни и други објекти до и во зоната;
18. може да управува со земјиштето и објектите изградени за потребите на зоната, до и во зоната, а кои се во сопственост на Република Македонија;
19. Го одобрува актот од членот 34 на Закон за технолошки индустриски развојни зони;
20. Го следи работењето на зоната и по потреба предлага мерки до Владата на Република Македонија;
21. Дава согласност на сите договори за закуп и подзакуп меѓу основачот и корисниците, доставени од основачот на зоната;
22. Ги врши сите работи, освен оние за кои на основачот и/или корисникот му е потребна претходна дозвола, согласност или одобрение од надлежен орган согласно со закон;
23. Води евиденција за доделената државна помош и во име на давателот, односно давателите на државна помош подготвува годишен извештај и го доставува до Комисијата за заштита на конкуренција еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година, за претходната година;
24. Го известува даночниот орган за одлуката на Комисијата за заштита на конкуренцијата за компатибилноста и висината на доделената државна помош во вид на даночно олеснување, како и за извештајот со кој се потврдува дека инвестициите и новоотворените работни места се одржани и по истекот на секоја година во рамките на периодот од десет последователни години утврдени со членот 5

ставови (1) и (2) од Закон за технолошки индустриски развојни зони, најдоцна до 31 март во тековната година, за претходната година;

25. Склучува договор за стопанисување и управување со технолошка индустриска развојна зона со основачот на зоната од членот 8 став (4) на Законот за технолошки индустриски развојни зони;

26. Врши контрола врз работењето на основачите и корисниците на технолошко индустриските развојни зони;

27. Издава одобрение за градење и одобрение за употреба за објектите кои ги градат закупците и сопствениците на земјиштето во технолошките индустриски развојни зони освен за инфраструктурните објекти во рамки на зоната, кои ги градат субјектите-даватели на јавни услуги кои се надлежни за изградба на електроенергетската, водоводната, канализационата, гасоводната и телекомуникациската инфраструктура

28. Издава одобрение за градење и одобрение за употреба за објектите кои ги градат инвеститорите на земјиште во индустриска и зелена зона, каде основач на индустриска зона е Владата на Република Македонија, освен за објекти во индустриска и зелена зона за кои е склучен договор за јавно приватно партнерство и за инфраструктурни објекти во рамки на зоната, кои ги градат субјектите-даватели на јавни услуги кои се надлежни за изградба на електроенергетската, водоводната, канализационата, гасоводната и телекомуникациската инфраструктура;

29. Склучува договори за доделување на државна помош за кои Владата на Република Македонија дава претходна согласност и раскинува Договори за доделување на државна помош кои ги склучила Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија;

30. Води постапки за засновање на право на стварна службеност во рамките на технолошките индустриски развојни зони согласно Законот за градежно земјиште;

31. Склучува договори за долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште за инфраструктурните објкети во рамките на зоната кои ги градат субјкетите – даватели на јавни услуги кои се надлежни за изградба на електроенергетската, водоводната, канализационата, гасоводната и телекомуникациската инфраструктура по доставено барање и проектна документација од страна на субјкетот – давател на јавна услуга;

32. Учествува во постапка за јавно надавање при продажба на објкети во извршна постапка по претходно донесена одлука за давање согласност од страна на Владата на Република Македонија;

33. Врши работи на оператор на индустриски зони, во услови кога како основач на зона се јавува Владата на Република Македонија;

34. Врши услуги за грижа на корисниците на технолошките индустриски развојни зони и

35. Врши други работи поврзани со функционирањето на зоната.

(2) Во случај кога Владата на Република Македонија е основач на зона Дирекцијата ги врши работите од надлежност на основачот на зоната, во име на основачот како и:

1.Склучува и раскинува договори за закуп на земјиштетето и објектите во зоната со корисниците за кои Владата на Република Македонија дава претходна согласност;

2. Склучува договори за вршење на дејност со корисниците на зоната;

3. склучува непосредни спогодби за продажба и/или дава под закуп објекти во опфатот на зоните кои се сопственост на Република Македонија, за кои Владата на Република Македонија дава претходна согласност;

4. Склучува и раскинува договори за јавно приватно партнерство за кои Владата на Република Македонија дава претходна согласност;

5. Склучува и раскинува Договори за отуѓување на градежно земјиште, за кои Владата на Република Македонија дава претходна согласност;

6. Обезбедува потребна документација за градење на инфраструктурни и други објекти неопходни за функционирање на зоната, согласно со закон;

7. Го уредува градежното земјиште и гради инфраструктурни и други објекти до и во зоната, согласно одобрената планска документација, проектот за инфраструктура и другата соодветна техничка документација;
8. Управува со земјиштето и објектите до и во зоната кои се сопственост на Република Македонија, согласно со Законот за технолошките индустриски развојни зони и
9. Донесува правила на основачот и тарифник на основачот за извршени услуги на корисници во зона согласно со членот 34 став (1) од Законот за технолошките индустриски развојни зони, за кои Владата на Република Македонија дава согласност.

**Член 6**

Дирекцијата своите надлежности ги врши во согласност со законот, овој Статут други прописи и акти на Дирекцијата.
За реализација на работите од својата надлежност, Дирекцијата донесува годишна програма со финансиски план и тригодишна инвестициона програма по кои Владата на Република Македонија дава согласност.
Годишната програма со финансискиот план Дирекцијата ги доставува до Владата на РМ најдоцна до 31 декември во тековната година за наредната година.
Тригодишната инвестициона програма Дирекцијата ја доставува до Владата на Република Македонија, најдоцна три месеци пред истекот на важноста на претходната.
Дирекцијата, до крајот на мај во тековната година, изготвува извештај за работењето на зоната за претходната година и го доставува до Владата на Република Македонија на усвојување.

## 3. СРЕДСТВА НА ДИРЕКЦИЈАТА

**Член 7**

Средствата за работа на Дирекцијата се обезбедуваат од :

- Буџетот на Република Македонија;
- приходи остварени од надоместоци за извршени услуги и

Приходите остварени од надоместоците за извршени услуги се сопствени средства на Дирекцијата и се користат согласно Годишната програма со Финансискиот план на Дирекцијата, за секоја деловна година и согласно тригодишната инвестициона програма.

## 4. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДИРЕКЦИЈАТА

**Член 8**

Дирекцијата своите надлежности ги остварува како организационо правна целина.

**Член 9**

Дирекцијата работите од своја надлежност ги врши преку сектори и одделенија, како организациски делови на Дирекцијата

**Член 10**

Со секторите и одделенијата како организациони делови на Дирекцијата, раководат раководител на сектор и раководител на одделение, кои ги именува Директорот на Дирекцијата во постапка согласно Законот за државни службеници.

**Член 11**

Внатрешната организираност на Дирекцијата поблиску се утврдува со Правилник за внатрешна организација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и со Правилник за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, кои ги донесува Директорот на Дирекцијата, а за кои писмена согласност дава Агенцијата за администрација.

## 5. ЗАСТАПУВАЊЕ НА ДИРЕКЦИЈАТА

**Член 12**

Дирекцијата ја претставува и застапува Директорот на Дирекцијата.
Заменикот на директорот го заменува директорот во случај на негова отсутност или спреченост со сите негови овластувања и одговорности во раководењето.

## 6. ПЛАНИРАЊЕ НА РАБОТАТА И СРЕДСТВАТА ВО ДИРЕКЦИЈАТА

**Член 13**

Заради реализација на работите од својата надлежност Дирекцијата донесува годишна програма со финансиски план и тригодишна инвестициона програма, по кои Владата на Република Македонија дава согласност.

**Член 14**

Годишната програма со финансиски план на Дирекцијата ги содржи задачите, динамиката на остварување на тие задачи, мерките и активностите, носителите на обврските и средствата за реализација на програмираните обврски на Дирекцијата и со истата се утврдуваат и се распоредуваат приходите и расходите за секоја година.
По истекот на секоја година се составува завршна сметка на Дирекцијата.

**Член 15**

Со тригодишната инвестициона програма се предвидуваат финансиските средства потребни за изведба на инфраструктурни објекти согласно изготвена техничка документација за техолошко индустриските развојни зони, изворите за нивно финансирање и динамиката за нивна изградба.
Тригодишната инвестициона програма претставува основ за планирање и изготвување на годишната програма со финансискиот план на Дирекцијата за поединечни години каде подетално се предвидуваат потребните активности во делот на капитални расходи.

## 7. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

**Член 16**

Органи на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони се: Управниот одбор и Директорот на Дирекцијата.

**7.1.Управен одбор на Дирекцијата**

**Член 17**

Со Дирекцијата управува Управен одбор на Дирекцијата, кој е составен од седум члена и тоа по еден член предложен од: министерот надлежен за работите од областа на економијата, министерот надлежен за работите од областа на финансиите, заменик-претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и координација со економските ресори, министерот надлежен за работите од областа на транспортот и врски и тројца членови предложени од корисници на технолошките индустриски развојни зони.

Членовите на Управниот одбор ги разрешува Владата на Република Македонија.

Со работата на Управниот одбор раководи Претседател.

Членовите на Управниот одбор избираат Претседател и Потпретседател на Управниот одбор, на првата седница.

Претседателот и членовите на Управниот одбор предложени од министерот надлежен за работите од областа на економијата, министерот надлежен за работите од областа на финансиите, заменик-претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и координација со економските ресори и министерот надлежен за работите од областа на транспортот и врски се именуваат за време од четири години.

Членовите на Управниот одбор предложени од корисниците на технолошките индустриски развојни зони се именуваат за време од две години.

Членовите на Управниот одбор предложени од корисниците на технолошките индустриски развојни зони се избираат по оној редослед по кој се стекнале со статус на корисник во зоната.

Претседателот раководи со работата на Управниот одбор, ги потпишува актите што ги донесува Управниот одбор и врши работи утврдени со Деловникот за работа на Управниот одбор. Кога Претседателот на Управниот одбор е отсутен, донесените акти ги потпишува Потпретседателот на Управниот одбор или членот на Управниот одбор кој ја водел седницата.

**7.1.2. Надлежности на Управниот Одбор**

**Член 18**

Управниот одбор на Дирекцијата ги има следните надлежности:

1. Донесува Статут на Дирекцијата;
2. Донесува Годишна програма со финансиски план;
3. Донесува тригодишна инвестициона програма;
4. Донесува Годишен план за јавни набавки;
5. Ја информира Владата на Република Македонија за постоечките административни и законски пречки за инвестирањето и предлага мерки за нивно отстранување;
6. Му помага на Директорот на Дирекцијата со давање на мислења и предлози за имплементација на програмата за работа;
7. Дава согласност на Договорите за закуп на градежното земјиште и објектите во зоната со корисниците, кога Владата на Република Македонија е основач;
8. Дава согласност за раскинување на Договорите за закуп на градежното земјиште и објектите во зоната со корисниците, кога Владата на Република Македонија е основач
9. Дава согласност на Договорите за вршење на дејност во зоната со корисниците на зоната, кога Владата на Република Македонија е основач;
10. Дава согласност на договорите за долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште за инфраструктурните објекти во рамките на зоната кои ги градат субјектите - даватели на јавни услуги кои се надлежни за изградба на електроенергетската, водоводната, канализационата, гасоводната и телекомуникациската инфраструктура по доставено барање и проектна документација од страна на субјкетот – дават ел на јавна услуга;
11. Дава согласност на договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство;

12. Дава согласност за раскинување на договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство;
13. Дава согласност на непосредните спогодби за продажба и/или давање под закуп објекти во опфатот на зоните кои се сопственост на Република Македонија, кога Владата на Република Македонија е основач;
14. Дава согласност за раскинување на непосредните спогодби за продажба и/или давање под закуп објекти во опфатот на зоните кои се сопственост на Република Македонија, кога Владата на Република Македонија е основач;
15. Донесува одлука за учество во постапки за јавно наддавање при продажба на објекти во извршна постапка;
16. Донесува одлука да се спроведе постапка за давање под закуп објекти по пат на јавно наддавање;
17. Дава согласност на Договорот за продажба на објекти во постапката со јавно наддавање за продажба на објкет;
18. Дава согласност за раскинување на Договорите за отуѓување на градежно земјиште, кога Владата на Република Македонија е основач, кои Дирекцијата ги има склучено;
19. Одлучува по доставени приговори од страна на учесниците во постапката за отуѓување на градежно земјиште за текот на јавното наддавање кога постапката ја започнува и води Дирекцијата;
20. Дава согласност на договорите за доделување на државна помош, кои ги склучува Дирекцијата;
21. Дава согласност за раскинување на договорите за доделување на државна помош, кои ги склучува Дирекцијата;
22. Ги усвојува Финансиските извештаи за годишни сметки на Дирекцијата;
23. Дава согласност на договорите за стопанисување и управување со технолошка индустриска развојна зона, склучен помеѓу Дирекцијата и основачот на зоната;
24. Дава согласност за склучување на договори и други правни работи кои не се опфатени со Годишната програма со финансиски план или Годишниот план за јавни набавки, а за износи над 5.000 евра без вклучен ДДВ;
25. Ги донесува прописите, подзаконските и другите акти на Дирекцијата согласно со овластувањата од Законот за технолошки индустриски развојни зони и други акти по предлог на Директорот;
26. Ги разгледува и одобрува извештаите за активностите на Дирекцијата;
27. Дава согласност за службените патувања, доколку патуваат повеќе од тројца вработени од Дирекцијата;
28. Донесува Деловник за својата работа;
29. Врши други работи утврдени со Законот за технолошки индустриски развојни зони и овој Статут."

**Член 19**

Начинот на работа и одлучување на Управниот одбор на Дирекцијата се уредува со Деловникот за работа на Управниот одбор на Дирекцијата.
За работите од својата надлежност, Управниот одбор донесува одлуки, заклучоци и други правни акти со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

**Член 20**

**7.2. Директор на Дирекцијата**

Со Дирекцијата раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.
Директорот има заменик кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.
Заменикот на директорот го заменува директорот во случај на негова отсутност или спреченост со сите негови овластувања и одговорности во раководењето.
За именување на директорот и заменикот на директорот се објавува јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои во еден од весниците што се

издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.
Условите кои треба да ги исполнува лицето за да биде именувано за Директор и заменик директор се утврдени во Законот за технолошки индустриски развојни зони.
Директорот и заменикот на директорот се именуваат со мандат од четири години.

### 7.2.1 Надлежности на Директорот на Дирекцијата

**Член 21**

Директорот на Дирекцијата ги врши следниве работи:

1. ја претставува и застапува Дирекцијата;
2. ја организира работата и раководи со стручните служби на Дирекцијата;
3. ги извршува одлуките на Управниот Одбор;
4. се грижи за законито работење во однос на надлежностите на Дирекцијата утврдени со Законот за технолошки индустриски развојни зони и овој Статут;
5. врши усогласување на деловните активности на Дирекцијата;
6. ги изготвува годишната програма со финансискиот план на Дирекцијата и планот за јавни набавки;
7. ја изготвува тригодишната инвестициона програма
8. изготвува извештај за работењето на зоната за претходната година;
9. ги донесува општите акти за организација и систематизација на работењето на Дирекцијата;
10. донесува поединечни акти за вработените од областа на работните односи,
11. секои 6 месеци доставува извештај за работата на Дирекцијата, до Владата на Р. Македонија, во кој извештај е должен да достави податоци за видот и обемот на работите извршени при вршењето на работите на Дирекцијата;
12. обезбедува јавност во работата на Дирекцијата;
13. склучува договори во рамките на овластувањата утврдени со овој Статут, Законот за технолошки индустриски развојни зони и другите позитивни законски прописи;
14. одлучува во прв степен за остварување на правата и обврските на работниците на Дирекцијата по основ на работен однос;
15. одлучува и за други прашања утврдени со Законот за технолошки индустриски развојни зони, овој Статутот и другите општи акти на Дирекцијата.

**Член 22**

Директорот има право и должност да учествува во работата на Управниот одбор, без право на одлучување.

**Член 23**

Директорот и заменикот на директорот на Дирекцијата се разрешува пред истекот на мандатот, во следните случаи:

1. на негово барање;
2. ако не работи и постапува според закон, статут и другите акти на Дирекцијата или неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или постапува во спротивност со нив;
3. ако не достави извештај за работата на Дирекцијата до Владата на Република Македонија на секои шест месеци;
4. ако по истекот на рокот од наредните шест месеци во кој бил должен да ги отстрани недастотоците и/или загубите во финансиското работење на Дирекцијата, утврдени од извештајот за работа, истите не ги отстрани и/или во тој рок повторно има недостатоци и/или загуби во финансиското работење;

5. ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика нарушувања во вршењето на работите на Дирекцијата и причини штета;
6. ако ги занемарува или не ги извршува обврските и со тоа ќе настанат нарушувања во вршењето на дејноста од јавен интерес на Дирекцијата.

### 7.3. Меѓусебни односи на Директорот и Управниот Одбор

**Член 24**

Директорот на Дирекцијата сите работи од својата надлежност определени со Законот за технолошки индустриски развојни зони, другите позитивни законски прописи и овој Статут ги врши самостојно.
За склучување на договори и други правни работи кои не се опфатени со Финансискиот план, Годишната програма или Планот за јавни набавки, а за износи над 5.000ЕВРА(петилјади) без вклучен ДДВ, на Директорот му е потребна претходна писмена согласност од Управниот Одбор.
Во итни случаи, претходната согласност од Управниот одбор може да се даде преку телефонска конференциска врска од членовите на Управниот Одбор, која писмено ќе се верификува на првата наредна седница на Управниот Одбор.
По барање и мислење на Директорот, Управниот Одбор на Дирекцијата, на првата наредна редовна или итна седница, ќе се изјасни, ќе даде согласност, односно ќе донесе одлука со која ќе усвои или одбие предлог, иницијатива, мислење или барање од страна на Директорот, од страна на органите на државната управа или други физички и правни лица.
Управниот Одбор на Дирекцијата одлучува во втор степен по приговорите и другите правни лекови изјавени против актите донесени од Директорот на Дирекцијата во прв степен.

## 8. ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ НА ДИРЕКЦИЈАТА ВО ПРАВНИОТ ПРОМЕТ

**Член 25**

Дирекцијата склучува договори и врши правни работи во врска со основање, управување и развој на зоните во границите на своите овластувања, во согласност со одредбите од Законот за технолошки индустриски развојни зони и други позитивни прописи.
За реализацијата на своите активности Дирекцијата може согласно со закон да користи услуги на специјализирани правни и физички лица од земјата и странство.

## 9. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА ДИРЕКЦИЈАТА

**Член 26**

Јавноста на работата се обезбедува преку:
1. објавување на општи акти на Веб - страната на Дирекцијата;
2. изготвување информации од работата на Дирекцијата за јавни гласила;
3. организирање промотивни активности за работата на Дирекцијата;
4. изготвување и доставување на извештаи за работа на Дирекцијата до Владата на Република Македонија;
5. други начини на информирање.

**Член 27**

Податоците и актите кои се сметаат за клафицирани информации, односно лични податоци не смеат да се соопштуваат на било кој начин на неовластени лица.
Чувањето на клафицирани информации, односно лични податоци, се врши согласно Законот за класифицирани информации и Законот за заштита на личните податоци.

## 10. ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

**Член 28**

Изменување и дополнување на Статутот се врши по иста постапка предвидена за негово донесување.

**Член 29**

Толкување на Статутот дава Управниот одбор на Дирекцијата кое е задолжително за сите органи и вработени во Дирекцијата.

## 11.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 30**

Овој Статут (пречистен текст) да се објави на огласна табла на Дирекцијата на денот на донесувањето на истиот од страна на Управниот одбор на Дирекцијата.

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател**
**Дејан Николовски**